Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 24.06.2014 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 3375 | 1 | - |

# Извештај од Вториот јавен состанок на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во 2014 година, одржан на 20.06.2014 година во Бизнис салата на новата административна зграда на Агенцијата за електронски комуникации

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** д-р Зоран Трајчевски, д-р Милаим Фетаи, Лазо Петрушевски, м-р Методија Јанчески, Методија Стоименовски, м-р Столе Наумов, Замир Мехмети, Селвер Ајдини, Бранко Радовановиќ.

**Присутни од Стручна служба:** м-р Андриана Скерлев – Чакар, Огнен Неделковски, Цветанка Митревска, Магдалена Давидовска – Довлева, м-р Тања Пачовска, Милаим Абдураими, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, Арџент Џелили, м-р Ивона Муфишева Алексовска, Јетон Исмаили, Луција Ѓурковиќ, м-р Виктор Шиков.

**Други присутни:** Стево Башуровски од Трговско радиодифузно друштво ТВ Студио ТЕРА Манговски Зоран Битола ДООЕЛ, Кристина Велјаноска од Непрофитна радиодифузна организациона единица УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО СТУДЕНТ ФМ 92.9 - Универзитет „Св. Кирил и Методиј„ Скопје, Митко Брзанов од Друштво за телекомуникации ПЕТ НЕТ ДОО Гевгелија, Емрула Чеграни од Трговско радиодифузно друштво ТВ ЧЕГРАНИ-МЕДИА ДООЕЛ с. Чегране-Гостивар, Ѓорѓи Савев од Трговско радиодифузно друштво СИТИ РАДИО ДООЕЛ Скопје, Стојче Стаменковски и Љупчо Ставрески од Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата (РСБСП), Дејан Јорданов од СИЗ МК НЕТ, Вангел Михајлов од ТРД Оператор на јавна комуникациска мрежа КДС Кабел Нет ДООЕЛ Прилеп, Ислам Јусуфи од Делегација на европска унија, Билјана Димова Блажевска од ТММК АД Скопје, Тошо Маркоски од Трговско радиодифузно друштво МЕНАДА-ТЕТОВО ДОО Тетово, Зоран Петров од Трговско Радиодифузно друштво РАДИО АНТЕНА 5 Петров,Јаневски и Гушев ДОО Скопје, Марија Лазарова од Народен правобранител, Елизабета Двојакова од АЕК, Владимир Медарски и Иван Стефаноски од ЦРМ, Билјана Јадровска од Комисијата за заштита на конкуренцијата, Драган Секуловски од Здружение на новинари, Лидија Голубова од Друштво за телекомуникациски инженеринг софтвер трговија и услуги БЛИЗУ МЕДИА ЕНД БРОУДБЕНД ДООЕЛ Скопје, Душко Сапунџиев од ТРД Оператор на јавна комуникациска мрежа ИНЕЛ ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДООЕЛ Кавадарци, Емилија Манева-Тасевски од Трговско радиодифузно друштво ПРОТЕЛ ДООЕЛ Пробиштип, Маргарита Столеска од Трговско радиодифузно друштво КЛУБ ФМ ДОО Скопје, Верче Пачарска од ТРД оператор на јавна комуникациска мрежа ВИН САТ ДОО Виница, Благој Христов, Билјана Делиуланова и Вера Самарџиева од Македонски Телеком, Емилија Гаврилова од Трговско радиодифузно друштво РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, Злате Тодоровски од Трговско радиодифузно друштво ТВ Кисс,Злате ДООЕЛ Тетово, Иво Костовски од Организацијата на потрошувачи, Драган Адамчевски од Друштво за производство трговија и услуги ИМПЕРИЈА САТ извоз-увоз ДООЕЛ Чашка општина Чашка, Теди Цоневски од НЕОТЕЛ, Трајче Строимановски од Друштво за радиодифузна дејност, трговија и услуги ЕКО РАДИО ДООЕЛ Пробиштип, Фатиме Гаши од Трговско радиодифузно друштво ТВ Ера ДОО Скопје.

Претседателот на Советот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски го отвори Вториот јавен состанок на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во 2014 година.

Состанокот започна во 11.30 часот и се одржа во Бизнис салата на новата административна зграда на Агенцијата за електронски комуникации.

Претседателот на Советот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, на почетокот им се заблагодари на присутните за учеството на Вториот јавен состанок на Агенцијата и воедно изрази жалење за неприсуството на претставници од телевизиите на државно ниво на Вториот јавен состанок на Агенцијата. Во однос на состанокот истакна дека согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е должна на секои три месеци да организира еден јавен состанок, на кој ќе им овозможи на сите заинтересирани страни да ги изразат своите ставови и мислења во однос на развојот на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги во Република Македонија. Во таа насока додаде дека за таа цел Стручната служба подготви две соодветни презентации.

Потоа, присутните ја проследија презентацијата на Раководителот на Стручната служба во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, м-р Андриана Скерлев – Чакар, во која се говореше за реализацијата на активностите и исполнувањето на целите од годишната програма за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во периодот од 20.03.2014 година до 20.06.2014 година.

Втората презентацијата беше на Раководителот на Секторот за правни работи во АААВМУ, Цветанка Митревска, во која таа ги објасни обврските за Агенцијата, радиодифузерите и операторите - по изборот на новите органи на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

По паузата, Заменикот на претседателот на Советот на Агенцијата д-р Милаим Фетаи, го водеше вториот дел од Вториот јавен состанок на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во 2014 година, каде следуваше Панел дискусија, во која сите присутни имаа можност да поставaт прашања или да дадат мислења и сугестии.

**Панел дискусија**

Претседателот на Советот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, рече, бидејќи често се поставува прашањето во врска со доделувањето на дозвола за телевизиско емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа без објавување конкурс, објасни дека оваа можност може да се реализира по изборот на органите на Агенцијата, односно новиот Совет и директор. Временски објасни дека целата постапката ќе се одвива околу 90 до 100 дена од изборот на новиот состав на Агенцијата, објаснувајќи ја детално постапката утврдена во ЗААВМУ.